# Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик

**Член 1**

Во Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15 и 226/15), во член 277 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
„(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што неовластено нуди, рекламира, продава, овозможува на друг продажба или посредува во продажба на билети за јавни спортски натпревари, јавни културни или друг вид јавни манифестации.“.

Во ставот (2) кој станува став (3) зборовите: „став (1)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (1) и (2)“.

По ставот (3) кој станува став (4) се додава нов став (5), кој гласи: „(5) Обидот за делото од ставот (2) на овој член е казнив.“.

Ставот (4) станува став (6).

**Член 2**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.